MAZEDONISCH




## Информативен лист

# Мултилингвалност во семејството

Дали Вашето дете расте мултилингвално? Срдечни честитки: Со тоа му нудите посебни шанси! По правило, децата во мултилингвална околина без проблеми изучуваат уште еден јазик. Може да го поддржите Вашето дете во тоа.

# Мултилингвалност во семејството

MAZEDONISCH

### Кој јазик треба да се зборува во домот? – Мајчиниот јазик на родителите!

Најчесто е добро кога мајката и таткото или други членови на семејството со детето зборуваат на својот мајчин јазик, на кој таа или тој се чувствуваат најсигурно и најпријатно. Најчесто тоа е  сопствениот мајчин јазик. На Вашето дете сте му потребни како углед на полето на Вашиот мајчин јазик, за  на тој начин истиот сигурно да го совлада. Истовремено, на тој начин има добри предиспозиции да научи други јазици.

### Редовно посетување градинка помага при изучувањето на германскиот јазик!

Немојте да се грижите ако Вашето дете во моментот кога ќе почне да оди во градинка сè уште не го владее германскиот јазик. Сепак, продолжете да зборувате со детето на Вашиот мајчин јазик. Германскиот јазик детето ќе го научи во комуникација со воспитувачот/-ката и со другите деца во установата.

За да успее тоа, многу е важно детето редовно да посетува градинка. Колку почесто Вашето дете си игра со деца чиј мајчин јазик е германскиот – на пример во градинка, на игралиште или во фискултурна група, толко побргу ќе го научи германскиот јазик по природен пат.

### Децата ги мешаат и заменуваат јазиците!

Не е невообичаено децата кои што учат нов јазик, на почетокот да прават нови грешки. Ови грешки честопати покажуваат дека децата се на прав пат да го научат германскиот јазик: Во германскиот на пр. го изоставуваат членот („gib mir Blatt“  наместо „gib mir das Blatt“ ) или прават грешки при користењето на предлозите („bei Baum“ наместо „auf dem Baum“). Мултилингвалните деца исто така одредено време ги мешаат двата јазика, на пр. „Тоа е мојата Ball .“, што е знак за зголемена јазична компетенција.

Ако сте несигурен/-на или имате прашања, тогаш од страна на воспитувачите/-ките во градинката или кај Вашиот педијатар ќе добиете помош и совети.



### Моето дете одеднаш почна да зборува само германски!

Некои семејства известуваат дека има фази, во кои децата зборуваат само германски и одбиваат да го зборуваат јазикот што го говори семејството. Тоа не е причина за загриженост. И понатаму консеквентно зборувајте го Вашиот јазик со Вашето дете. И како слушател, Вашето дете и понатаму може да го развива Вашиот јазик и сигурно подоцна да го зборува повторно.

### Зборувањето е забавно!

Зборувајте многу и често со Вашето дете за неговите доживувања. Раскажувајте приказни, читајте книги и играјте заедно. Било која форма на јазично внимание и да ја изберете, на Вашето дете му овозможувате поврзување на позитивни чувства, доживувања и искуства со неговиот и со тоа го поддржувате развојот на јазикот кај него.

### Растењето со повеќе јазици е шанса!

Можете да го поддржувате Вашето дете во стекнувањето на мултилингвални јазични компетенции,  со тоа што ќе му дадете можност да ги доживее своите јазици во различни ситуации да доживее што е можно почесто и да ги употребува. Вашиот мајчин јазик и култура, но и германскиот јазик како јазик на околината, за Вашето дете треба да добијат на значење.  Благодарен став на Вашето дете кон сите јазици е важен предуслов, што ќе го мотивира Вашето дете да ги користи неговите јазични сознанија во Вашите семејни јазици и да ги прошири во новиот германски јазик. На тој начин добро ќе го подготвите Вашето дете за во градинка и училиште.

LakoS
Landeskompetenzzentrum zur Sprachförderung
an Kindertageseinrichtungen in Sachsen

Weitere Informationen finden Sie unter:
www.lakos-sachsen.de

Diese Maßnahme wird mitfinanziert durch Steuermittel auf der Grundlage des vom Sächsischen Landtag beschlossenen Haushaltes.

SACHSEN